Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 172/0306
05.11 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавната седница одржана на 29.10.2026 година, врз основа на примена жалба од **Мартин Тасевски,** ја донесе следнава:

МИСЛЕЊЕ

ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Текстот на веб порталот Либертас (libertas.mk) со наслов **„Израел оштетил повеќе од 80 проценти од зградите во Газа за време на војната“,** објавен на 05.10.2026 г. на веб страната на медиумот, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

ЖАЛБА

Жалителот Мартин Тасевски до СЕММ на 05.10.2026 г., упати жалба за текстот на порталот Либертас(libertas.mk) со наслов „*Израел оштетил повеќе од 80 проценти од зградите во Газа за време на војната*“, објавен на 05.10.2026 г. на веб страната на медиумот, при што се жали на пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Жалителот смета дека медиумот известувал пристрасно и едностранo за уништувањето во Газа, користејќи информации од палестинска институција пренесени преку Ал Џезира, без соодветна проверка и вклучување други релевантни извори. Бара Комисијата да оцени дали ваквиот начин на известување е во согласност со професионалните стандарди за точност, непристрасност и урамнотеженост, нагласувајќи дека тие мора да се применуваат еднакво, независно од тоа за која страна во конфликтот се известува.

„Уште на почетокот нагласувам: не го оспорувам правото на медиумот да известува за уништувањето во Газа, за цивилните жртви или за која било друга последица од војната. Го оспорувам начинот на кој веста е спакувана како неутрална информација, иако користи едностранu извори“ – наведува, меѓу другото, Тасевски.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и поширoко образложение.

ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети даваталет на медиумска услуга и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот на жалбата.

МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот на веб порталот Либертас(libertas.mk) со наслов „*Израел оштетил повеќе од 80 проценти од зградите во Газа за време на војната*“, објавен на 05.10.2026 г. на веб страната на медиумот, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден од членовите на **Кодексот на новинарите на Македонија**.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст/вест во чија содржина се известува за последиците од конфликтот во Газа, проблем од Блискиот Исток, што беше и е тема од јавен интерес.

Комисијата го оценуваше текстот на медиумот првенствено од етички аспект во однос на членовите на Кодексот на новинарите на Македонија, при што утврди дека нема прекршување на ниту еден член.

Членовите на Комисијата констатираа дека станува збор за агенциска вест пренесена од повеќе медиуми, а првично објавена од турската агенција Анадолу, иако во веста се спомнува дека изворот е Ал Џезира. Изворот на веста навистина е Палестинскиот централен завод за статистика, но тој се потпира врз податоци добиени со сателитска проценка спроведена од Сателитскиот центар на Обединетите нации (UNOSAT).

Новинарската обврска за непристрасност не подразбира механичко обезбедување еднаков простор за сите страни во секоја поединечна вест. Особено при известување за воени конфликти, медиумите имаат право да пренесуваат информации, податоци и процени од релевантни извори, под услов нивното потекло да биде јасно и да не се претставуваат непотврдени тврдења како неспорни факти, наведуваат членовите на Комисијата.

Што се однесува до употребата на изразот „израелската окупациска агресија“, тоа заслужува внимание од аспект на прецизноста и професионалната дистанца. Сепак, дури и да станува збор за можна употреба на политички или вредносно обоена терминологија, а во текстот тоа не е случај следејќи ги термините на меѓународното право, само по себе тоа не е доволно за да се утврди пристрасност на целокупното известување.

Клучно е дали медиумот ги искривил информациите, прикрил суштински факти или свесно ја довел јавноста во заблуда. Од наводите во жалбата не произлегува доволна основа за таков заклучок. Она што Комисијата смета дека може да биде препорака до медиумот во овој и други слични случаи е да се вметне линк до оригиналата вест која е преземена и објавена на веб страната на медиумот.

Поради погоре наведените аргументи Комисијата оцени дека не е прекршен ниту еден член од **Кодексот на новинарите на Македонија**.

* * *

Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Тамара Чаусидис, Снежана Трпевска, Жана Божиновска и Мирче Адамчевски, кои присуствуваа и дискутираа на јавната седница, како и Сефер Тахири кој писмено го поднесе своето мислење.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Тамара Чаусидис

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595